М-НАВ

*Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve në trafikun ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr 02-1465/3
25-11- 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ

# Годишен финансиски план за 2022 година

***Ноември 2021 година***

"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

# ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Годишен финансиски план на М-НАВ А.Д. Скопје за 2022 година кој ги опфаќа ефектите од Пандемијата Covid 19 – Европски контекст, Воздушниот сообраќај на Р.С. Македонија во 2019-2020/21 година и можни сценарија за движењето во 2022 година, Единечна цена за прелети на воздухоплови и терминални услуги за 2022 година, Анализа на планирани приходи за 2022 година, Споредбена анализа на планирани приходи на друштвото за 2022 година во однос на планирани приходи на друштвото за 2021 година, Анализа на планирани расходи за 2022 година, Табеларен приказ на планирани приходи и расходи на Друштвото за 2022 година, Планиран финансиски резултат на Друштвото за 2022 година, Споредбена анализа на планирани расходи на друштвото за 2022 г. со планирани расходи на друштвото во 2021 година, Споредбена анализа на планирани расходи на друштвото за 2022 година со реализирани расходи на друштвото во 2021 година и друго.

**Наслов**

**М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ**

**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтен број:** | МНВ-610-201-04 | **Издание број:** | 1.0 |
| | | **Дата:** | 18/11/2021 |

**Извадок:**

"...Планирањето на приходите од прелети за 2022 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци во 2021 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2021 – 2027 година. "

**Клучни зборови:**

Обем на сообраќај, планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработиле | Филип Трандафиловски<br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 17.11.2021 |
| | Даниела Трајчулеска<br>Раководител на Одделение за финансиски работи и администрација | 17.11.2021 |
| | Дејан Зарапчиев<br>Самостоен советник за одредување на цени | 17.11.2021 |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет-безбедност во Одделение за безбедност,обезбедување и квалитет | 18-11.2021 |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за воздухопловна навигација | 19.11.2021г. |
| | Владко Крстевски<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за воздухопловна техника | 19.11.2021г. |
| | Migjen Salmani<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 19.11.2021г. |

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ........ 5
2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА COVID 19 – ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ ........ 7
   2.1. Прогноза на Eurocontrol – STATFOR за воздушниот сообраќај 2021-2027 (Издание - Октомври 2021 година) 7
3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2019 – 2020/21 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2022 ГОДИНА ........ 10
4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2022 ГОДИНА ........ 13
   4.1. Единечна цена на М-НАВ за терминални услуги во 2022 година 14
   4.2. Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2022 година во однос на планираните во 2021 година 15
5. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА ........ 15
6. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2022 ГОДИНА ........ 19
7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА ........ 20
8. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА ........ 21
9. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА ........ 23
10. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА ........ 25

# 1. ВОВЕД

Согласно член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.220/19 и 48/20 – Пречистен текст), за вршење на услуги на воздухопловна навигација Владата на Република Северна Македонија основа акционерско друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловна навигација, согласно со Законот за трговските друштва. Начинот на основање, дејностите и начинот на управување се регулирани со актот за основање и статутот на друштвото.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донела Одлука за отпочнување на постапка за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација бр. 19-4602/1.

Согласно Тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар, датум на основање на Друштвото М-НАВ АД Скопје е 04.11.2008 година.

На 10 март 2010 година Друштвото М-НАВ АД Скопје се стекнало со Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација МК-01/2010ANSP, со важност од две години, издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, која по проверка на исполнување на потребните услови истото редовно го обновува.

Со Одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/19) и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/20) е изменет називот на друштвото, согласно што Акционерското друштво работи и учествува во правниот промет под фирма: Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Скратен назив на фирмата е: „М-НАВ“ А.Д. – Скопје. Називот на Друштвото се пишува и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и гласи: „Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Kryerjen e Veprimtarisë së Dhënies së Shërbimeve në Navigacionin Ajror M-NAV SHA Shkup. Скратениот назив на фирмата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо гласи: M-NAV SHA Shkup. Во правниот промет со странство називот на Друштвото е “M-NAV” Air Navigation Service Provider of the Republic of North Macedonia, GOJSC.

## ➢ Предмет на работење на М-НАВ А.Д. Скопје

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

1. Давање на услуги на воздухопловната навигација (ANS – Air Navigation Services) како приоритетна дејност на Друштвото, која опфаќа:

1.1 АТМ услуги (Air Traffic Management) и тоа:

а) АТС услуги (ATS-Air Traffic Services):

- контрола на летање (ATC – Air Traffic Control), која се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да се овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот собраќај;
- информирање во лет (FIS - Flight Information Service), која се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај; и
- тревожење (ALRT – Alerting Service) која се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти.

б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM – Air Traffics Flow Management), која се дава за да се овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на

летање и обемот на сообраќајот;

в) организација на воздушниот простор (ASM - Air Space Management), која се дава за да се обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници и г) мрежни функции (Network functions) се услуги кои се даваат со цел обезбедување на детални аранжмани за донесување на заеднички одлуки помеѓу земјите членки, давателите на услуги на воздухопловна навигација и функцијата за управување со мрежата.

1.2. Услуги на воздухопловно информирање (AIS - Aeronautical Information Service), кои опфаќаат: собирање, обработка и дистрибуција на воздухопловните информации, итни известувања, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3. Метеролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеролошки информации, метеролошка прогноза, метеролошки известувања и метеролошки предупредувања; и

1.4. Поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација што подразбира превентивно и корективно одржување, приспособување, калибрирање, мониторирање, надгледување, управување, поставување и воведување во работа, како и развој и измена на процедури и упатства за работа и одржување на оперативните технички средства во состојба која овозможува безбеден и уреден воздушен сообраќај (CNS Services).

2. Водење на евиденција, собирање, обработка и проследување на податоци кои се користат за наплата на надоместоци од услугите на воздухопловна навигација.

3. Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации.

4. Обука на АНС персонал.

➢ **Давателот на услуги на воздухопловна навигација се финансира од:**

- Делот од надоместокот остварен по основ на давање на услуги на воздухопловна навигација чија висина се утврдува со трошковник на давателот на услуги на воздухопловна навигација на начин пропишан согласно со членот 56 став (4) на Законот за воздухопловство,
- Надоместок за обука на ANS персонал и
- Даноци, заеми, кредити и друга финансиска и техничка помош.

## 2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19 – ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ

**Пандемијата од КОВИД-19 што го зафати целиот Европски регион па и пошироко во 2020 имаше директен и катастрофален удар пред се врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина, а како клучен сегмент на воздухопловството и врз Давателите на услуги на воздухопловна навигација во Европскиот регион и пошироко. Иако со помал интензитет во 2021 година, и во 2022 година се очекува продолжено влијание па Пандемијата од КОВИД-19 во Европа и пошироко, а со тоа и М-НАВ АД Скопје и во 2022 година ќе се соочува со намален обем на сообраќајот во однос на периодот пред пандемијата, kako и со можни финансиски импликации врз Друштвото.**

### 2.1. Прогноза на Eurocontrol – STATFOR за воздушниот сообраќај 2021-2027 (Издание - Октомври 2021 година)

Последната прогноза на воздушниот сообраќај издадена од страна на Eurocontrol - STATFOR од октомври 2021 година, предвидувањето на влијанието на пандемијата од КОВИД-19 врз состојбата на авио сообраќајот во иднина ги зема во предвид следните инпути:

- **Трендови на авио сообраќајот: 50% помалку летови во јануари-октомври 2021 година во споредба со истиот период од 2019 година**




Each line is a national airspace. Smoothing: 14 steps.

- **Економски раст**

  Порастот на бројот на КОВИД-19 случаи во светот кој се должи на ширењето на Делта варијантата на вирусот е клучна и глобална причина за загриженост во поглед на економскиот раст во Европа и пошироко.




- **Три одделни сценарија кои што треба да се земат во предвид за влијанието на КОВИД-19 и потребното време за нормализирање на воздушниот сообраќај**

Eurocontrol се одлучи за 3 одделни сценарија со оглед на сите можни ризици и нивните релативни влијанија, а во изработката на сценаријата ги земаат во предвид следните параметри:

- Состојба со КОВИД-19 на светско ниво
- Интензитетот и време на ограничувањата на патувањата
- Достапност „и употреба“ на вакцини / терапии со докажан успех во лекувањето на КОВИД-19
- Влијанието врз глобалната економија, од брзо силно нормализирање до финансиска криза
- Потенцијално намалување на побарувачката за летови не само за бизнис патниците (т.е. зголемено учество на видео конференции,...), но исто така и за патниците кои патуваат рекреативно (на пр., поранливи групи).

**КОВИД-19 сценарија за нормализирање на авио сообраќајот**

| | Епидемиолошка состојба | Специфично влијание на воздушниот сообраќај |
|---|---|---|
| **Сценарио бр.1**<br>Нормализирање на ниво на 2019 година во средина на 2023 година | • Ефикасна вакцинација на европско и глобално ниво<br>• Ефективна вакцина против вирусот (со дејство на варијанти)<br>• Ефективна програма на тестирање и изолација | • Намалено ниво на ограничување во патувањето<br>• Координиран меѓурегионален пристап<br>• Стекната доверба кај патниците<br>• Способност на аеродромите за враќање во функција на целосниот капацитет |

| | | |
|---|---|---|
| **Сценарио бр.2**<br>Нормализирање на ниво на 2019 година до крај на 2023 година | • Ефикасна вакцинација на европско ниво<br>• Ефективна вакцина против вирусот (со дејство на варијанти)<br>• Ефективна програма на тестирање и изолација | • Средно ниво на ограничување во патувањето<br>• Координиран европски пристап<br>• Способност на аеродромите за враќање во функција на целосниот капацитет |
| **Сценарио бр.3**<br>Нормализирање на ниво на 2019 година по 2027 година. | • Недоволно ниво на вакцинација<br>• Потреба од нови вакцини<br>• Повторно воведување на мерки против ширење на вирусот | • Високо ниво на ограничување во патувањето<br>• Координиран европски пристап<br>• Потешкотии на аеродромите за враќање во функција на целосниот капацитет |



## 3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2019 – 2020/21 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2022 ГОДИНА

Имплементацијата на концептот на Free Route Airspace во воздушниот простор на дел од европските земји во 2016 година беше одличен пример за соработка помеѓу давателите на услуги во регионот, а сето тоа придонесе за оптимизирање на искористеноста на воздушниот простор. Истовремено тоа доведе и до заштеда на гориво за авиокомпаниите и намалување на емисијата на јаглерод диоксид. Со приклучувањето на нашиот воздушен простор на SECSI FRA (South East Common Sky Iniciative Free Route Airspace) иницијативата на 2 декември 2021 година и М-НАВ како давател на услуги на воздухопловна навигација активно се приклучува кон концептот на ефикасно искористување на воздушниот простор, заштеда на гориво и намалување на емисијата на јаглерод диоксид, концепт кој ние како еколошки свесна компанија го застапуваме. Со оптимизацијата се очекува и одредено зголемување на сообраќајот во нашиот воздушен простор кое е исклучително важно за надминување на финансискиот импакт од кризата предизвикана од пандемијата со КОВИД-19 и побрзо закрепнување. Со имплементацијата на новата организација на воздушниот простор која произлегува од приклучувањето кон SECSI FRA иницијативата, воедно ќе се воспостават и нови процедури со контролите на летање од засегнатите соседни земји. Со оптимално искористување на сите оперативни ресурси и дополнителен ангажман на контролорите на летање кои што ќе поминат повеќе обуки за да се справат со промените и зголемениот обем на работа, подготвени сме секогаш безбедно и ефикасно да го опслужиме воздушниот сообраќај. Притоа се води сметка секогаш да се запазени сите воспоставени безбедносни стандарди за обезбедување на услугите без да се предизвика значително доцнење од страна на нашата контрола на летање.

Кризата поради појавата на КОВИД-19 која започна во втората половина на март 2020 година продолжи и во 2021 година, но со поинакво темпо. Од графиконот даден подолу се забележува дека намалувањето на сообраќајот од окулу 50% продолжи и во првиот квартал од 2021 година. Од април до јуни севкупниот сообраќај бележи значителен повеќекратен пораст во однос на истиот период 2020 година. Ова се должи на воспоставувањето на процедури за спречување на ширењето на заразата, како и на процесот на имунизација во текот на 2021 година, за разлика од почетокот на кризата кога сеуште не беа дефинирани правилата за успешно справување со пандемијата. Поради олабавување на рестриктивните мерки за време на летните месеци во 2021 година, почнувајќи од јули сообраќајот скоро во целост го достигна нивото од 2019 година. Ден со најмногу операции е сабота, 21-ви август со вкупно 1071 операција.




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 10493 | 9652 | 11347 | 16566 | 23048 | 26777 | 29763 | 29917 | 26356 | 22020 | 11936 | 12285 |
| 2020 | 12790 | 11552 | 7990 | 1568 | 1808 | 2652 | 11282 | 15426 | 12887 | 11146 | 5422 | 5614 |
| 2021 | 4965 | 3922 | 5029 | 5420 | 7465 | 13357 | 23909 | 27576 | 24005 | | | |
| | January | February | March | April | May | June | July | August | September* | October | November | December |

Обемот на сообраќајот на скопскиот и охридскиот аеродром, дадена во графиконот подолу, ја отсликува горе споменатата состојба.




Во периодот од јануари до октомври 2021 година воведени се вкупно седум en-route регулации:

- четири регулации во јули поради лоши временски услови;
- две регулации во август поради изразено нерамномерна распределеност на сообраќајот која не може да се одработи ниту со тро-секторска конфигурација; и
- една регулација во септември поради надминување на објавениот АТС капацитет.

Регулациите предизвикаа незначително доцнење на летовите. И покрај неочекувано зголемениот обем на сообраќај, оваа летна сезона е одработена успешно од секој аспект, првенствено од безбедносен, но и од аспект на ефикасност.

Во текот на летните месеци од јули до септември 2021 година започнаа одредени придвижувања на сообраќајот во позитивна насока поради укинување на рестриктивните политики, но сепак заради некоординираноста на мерките кои што се воведуваат од страна на поодделни земји во ЕУ, тоа ги засега сите земји лоцирани во географска Европа и пошироко, а авио-сообраќајот и понатаму се соочува со значителен пад споредено со нивото кое што беше пред кризата со пандемијата.

Впрочем, во првите девет месеци од 2021 година (период јануари-септември) вкупно беа реализирани 114.858 летови од кои 103.902 беа прелети, податок кој што говори за пораст од 46,3% во однос на бројот на прелети во истиот период од 2020 година. Според статистиката на Централното биро за наплата на Eurocontrol за првите девет месеци од 2021 година, Република Северна Македонија бележи намалување од 3,1% на наплатните единици од прелетите во однос на планираните за 2021 година или зголемување од 42,5% во однос на истиот период во 2020 година.

| Month | | 2021 Actual | 2021 Unit Rate Basis | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2021 A / 2021 F | % 2021 A / 2019 A | % 2020 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (1)/(2) | (1)/(4) | (3)/(4) |
| 1 | January | **8,338** | *11,217* | 22,672 | 17,708 | -25.7% | -52.9% | 28.0% |
| 2 | February | **6,852** | *10,540* | 20,493 | 16,639 | -35.0% | -58.8% | 23.2% |
| 3 | March | **9,087** | *12,183* | 14,355 | 19,233 | -25.4% | -52.8% | -25.4% |
| 4 | April | **9,845** | *18,006* | 3,678 | 28,427 | -45.3% | -65.4% | -87.1% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | May | **12,454** | *25,626* | 4,181 | 40,456 | -51.4% | -69.2% | -89.7% |
| 6 | June | **21,943** | *29,123* | 5,417 | 45,978 | -24.7% | -52.3% | -88.2% |
| 7 | July | **38,450** | *32,020* | 17,682 | 50,551 | 20.1% | -23.9% | -65.0% |
| 8 | August | **45,991** | *32,062* | 25,368 | 50,618 | 43.4% | -9.1% | -49.9% |
| 9 | September | **40,390** | *28,718* | 21,879 | 45,339 | 40.6% | -10.9% | -51.7% |
| 10 | October | | *24,054* | 19,010 | 37,975 | | | -49.9% |
| 11 | November | | *13,053* | 9,596 | 20,607 | | | -53.4% |
| 12 | December | | *13,599* | 9,849 | 21,469 | | | -54.1% |
| **TOTAL** | | **193,350** | ***250,200*** | 174,181 | 395,000 | **-3.1%** | **-38.6%** | -55.9% |

- Табеларен приказ на Централното Биро за наплата на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над РСМ во периодот од 01.01 до 30.09.2021 година

Во поглед на летовите од двата меѓународни аеродроми во Скопје и Охрид, за месец декември 2021 година се најавени три нови авио линии од Меѓународниот Аеродром Скопје - Болоња и Торино, двете во Италија, како и Билунд во Данска, додека од Аеродромот Св.Апостол Павле Охрид, авиокомпанијата Wizz Air ќе почне да лета до Фридрихсхафен, Германија. За закрепнување на национално ниво е потребно да бидат отстранети ограничувањата за патување воведени од земјите членки на ЕУ бидејќи приближно 80% од сообраќајот на македонските аеродроми е концентриран во Европската унија.

За текот на целиот изминат период на времетрање на пандемијата, М-НАВ А.Д. Скопје имаше утврдени јасни насоки и постапки како да се постапува и работи кога ќе започне нормализација на сообраќајот. Во овој контекст, се преземаа одредени чекори кои беа во насока на задржување на високото ниво на безбедност и оперативна спремност за да се одговори на барањата на корисниците на услугите. М-НАВ А.Д. Скопје и менаџерскиот тим на Друштвото за цело време будно ја следат состојбата со пандемијата и адекватно и навремено ги преземаат сите потребни активности и мерки за безбедно и сигурно давање на воздухопловната услуга.

Во моментов е многу неблагодарно да се предвиди растот ако се земат во предвид сите предизвици што падемијата од КОВИД-19 ги предизвика во авио-индустријата. Прогнозите за закрепнување и нормализација на воздушниот сообраќај како и можните сценарија за одвивање на сообраќајот во периодот од 2021-2027 година (публикувани се 3 сценарија од страна на Евроконтрол на 15.10.2021 година) сеуште се неповолни по авио-индустријата. И најоптимистичното сценарио предвидува бавно закрепнување кое ќе трае неколку години и нормализација на сообраќајот се очекува во текот на 2023 година, односно враќање на нивото кое што беше пред кризата со пандемијата.

Согласно овие три сценарија на Eurocontrol, се очекува порастот на вкупниот број на летови во воздушниот простор Република Северна Македонија во 2022 година да се движи помеѓу 23% (при песимистично) и 51% (при оптимистично сценарио) споредено со 2021 година**.** При пресметката на единечната цена за прелети во РСМ за 2022 година М-НАВ А.Д. Скопје поаѓа од претпоставката за пораст на бројот на наплатните единици за прелети од приближно 30% споредено со планираните за 2021 година.

### Р. Северна Македонија

| | **% на пораст** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сценарио** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021/2020 | 2022/2021 | 2023/2022 | 2024/2023 |
| Сценарио 1 | | | | | | | 47% | 51% | 12% | 5% |
| Сценарио 2 | 4% | -4% | 18% | 13% | 15% | -57% | 44% | 46% | 6% | 6% |
| Сценарио 3 | | | | | | | 37% | 23% | 12% | 8% |

- Пораст на сообраќајот во РСМ во периодот 2021-2024 година (според сценаријата на Eurocontrol)

## 4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2022 ГОДИНА

Методологијата за пресметка на единечната цена за прелети се базира на заедничкиот систем за наплата на надоместоци од прелети согласно регулативата бр.1794/06 на Европската Комисија и одлуката на Владата на РСМ за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација , начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација. ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194 од 23.09.2019 година). Информацијата за пресметката на цената на прелетите се доставува, се разгледува и потоа се одобрува од страна на Eurocontrol и авио-превозниците на косултативниот состанок што се организира секоја година. Притоа, на овој состанок се разменуваат информации за вкупните планирани трошоци, инвестициите, како и проекција на сообраќајот за секоја наредна година.

Согласно извршеното усогласување помеѓу М-НАВ АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ како регулаторно тело, единечната цена на прелетите во РСМ во 2022 година е утврдена да изнесува **53,81 евра**, што воедно претставува пораст од 5,8% во однос на нивото во 2021 година.

**Графички приказ на движењето на единечна цена за прелети во РСМ во периодот помеѓу 2012 - 2022 година**




Вредно е да се напомене и фактот дека со порастот на сообраќајот во изминатиот период и приходите остварени од зголемениот обем на дадени услуги се создадоа предуслови за намалување на цената на прелетите. Меѓутоа во 2020 година, поради катастрофалното влијание на пандемијата и очекуваниот пад на сообраќајот, М-НАВ АД континуирано спроведува и финансиска анализа која треба да даде појасна слика за ликвидноста на Друштвото во услови на криза. Истовремено, веднаш беа имплементирани антикризни мерки за намалување на вкупните расходи за 17,3% на годишно ниво. Меѓутоа, и покрај предвиденото намалување на расходите во 2021 година на ниво кое требаше да овозможи непречен и безбеден сервис на услугите за воздухопловна навигација, заради драматичното влијание на пандемијата врз авио -сообраќајот, единечната цена за прелети во 2021 година сепак беше потребно да се зголеми за 13% споредено со истата во 2020 година, а притоа истото да не влијае отежнувачки на понатамошните активности што ќе се преземат за закрепнување на воздушниот сообраќај.

Во однос на **проекцијата за 2022 година**, цената за прелетите ќе биде зголемена за 5,8% споредено со 2021 година и се базира на претпоставките за развојот и времетраењето на пандемијата, проекцијата за пораст на наплатните единици од прелети од 29% во 2022

година споредено со планираните во 2021 година, како и реализацијата на активностите за оддржување на потребното ниво на безбедност во воздушниот сообраќај и сите останати активности кои заради пандемијата во 2020 и 2021 година беа сведени на минимум.

### 4.1. Единечна цена на М-НАВ за терминални услуги во 2022 година

Еден помал дел (11,8%) од вкупните планирани приходи, М-НАВ АД Скопје очекува да реализира како давател на терминални услуги на воздухопловна навигација, односно услуги на контролата на летање при полетување и слетување на аеродромите во Скопје и Охрид. Од овие услуги во 2022 година, се очекува приход од приближно 121 милиони денари што воедно претставува зголемување од околу 20% во однос на вкупните остварени приходи од терминални услуги во 2021 година, во согласност со планираното зголемување од околу 20% на бројот на полетувања/слетувања во 2022 г. споредено со реализацијата во 2021 година.

Согласно Договорот за заем со Европската Банка за обнова и развој за финансирање на „Проектот за надградба на системот за воздухопловна навигација" во Република Северна Македонија и заради ефикасно сервисирање на обврските по истиот, единечната цена за терминални услуги од 2014 година изнесува 3,60 евра по тон на максимална тежина на воздухоплов во полетување. Истата е непроменета во текот на целиот изминат период.

**Анализа на планираните приходи на друштвото за 2022 година**

"М-НАВ" А.Д. Скопје остварува приходи од своето работење по основ на наплата на:

- надоместок за давање на услуги за прелети – фактурирање и наплата што во име, а за сметка на М-НАВ А.Д. Скопје ја врши EUROCONTROL - CRCO (Central Route Charges Office);
- надоместок за давање на терминални услуги на воздухопловна навигација – фактурирање и наплата што во име на М-НАВ А.Д. Скопје исто така ја врши EUROCONTROL – CRCO;
- приходи од останати услуги (давање на комуникациски и радарски услуги на Hungarocontrol од страна на М-НАВ А.Д.Скопје);
- останати приходи (приходи од минати години, донации, од закупнина и др.); и
- надомест за обука за ANS персонал.

Планирањето на приходите од прелети за 2022 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци во 2021 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2021 – 2027 година.

**Согласно оваа анализа, за периодот од јануари-декември 2022 година се предвидува да се реализираат вкупно приходи во износ од 1.020.277.226,98 денари**, од кои **887.175.083,40 денари** приходи по основ на прелети, **121.102.143,58 денари** приходи по основ на терминални услуги **и 12.000.000,00 денари** приходи од останати услуги од кои по основ на давање на радарска слика и комуникациски услуги на Hungarocontrol 10.000.000,00 денари и 2.000.000,00 денари останати приходи од публикување на воздухопловни информации, приходи од минати години, надомест на штети, донации и друго.

Приходите се планираат по тримесечја и тоа, во првото тримесечје од 2022 година се очекува да се реализираат **134.389.154,67 денари**, во второто се планира да се остварат **275.524.033,11 денари**, во третото **401.329.371,19 денари,** додека во четвртото тримесечје се очекува да се реализираат **209.034.668,00 денари приходи**, што укажува на сезонскиот карактер на сообраќајот кој истовремено се рефлектира и на приходите.

Структурата на приходите во планските проекции за 2022 година се очекува да биде: 87,0% приходи од прелети, 11,9% приходи од терминални услуги и 1,1 % останати приходи.

Табеларен преглед на вкупните планирани приходи на М-НАВ за 2022 година е даден подолу во текстот, Точка 8.

### 4.2. Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2022 година во однос на планираните во 2021 година

| ПРИХОДИ | планирани 2022 година | планирани 2021 година | % 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Приходи од прелети | 887.175.083,40 | 644.934.823,00 | +37,56 |
| Приходи од терминални услуги | 121.102.143,58 | 81.948.184,00 | +47,78 |
| Останати приходи | 12.000.000,00 | 12.000.000,00 | - |
| | | | |
| ***ВКУПНО денари:*** | **1.020.277.226,98** | **738.883.007,00** | **+38,10** |

Согласно Годишниот финансиски план на М-НАВ АД Скопје, износот на планираните приходи за 2022 година е зголемен за 38,10% во однос на планираните приходи за 2021 година како последица на делумното закрепнување на состојбата поврзана со пандемијата и зголемувањето на обемот на авио-сообраќајот на глобално ниво.

## 5. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

**Вкупните расходи планирани за периодот јануари-декември 2022 година изнесуваат 1.010.851.868,00 денари, а истите во споредба со вкупните планирани расходи на Друштвото за 2021 година се зголемени за околу 29%.**

**Благото зголемување на расходите во 2022 година се должи на минимум потребните средства за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на воздухопловна навигација на корисниците во рамките на дезигнираниот воздушен простор на Република Северна Македонија, истите во согласност и со подобрувањето на воздушниот сообраќај во 2021 година и очекуваниот пораст на сообраќајот и во 2022 година, во споредба со 2020 година кога влијанието на Пандемијата од КОВИД-19 имаше директен и катастрофален удар врз воздушниот сообраќај во однос на периодот пред пандемијата, а со тоа и со директни финансиски импликации во работењето на Друштвото.**

**Имајќи го во предвид сепак неизвесното продолжено влијание на состојбата со Пандемијата од КОВИД-19 и во 2022 година како и нејзиното можно директно влијание врз воздушниот сообраќај и приходите на Друштвото, Управниот одбор на М-НАВ континуирано ќе ги следи идните состојби и тековно ќе превзема дополнителни мерки за одржување на високиот квалитет на услугите на воздухопловна навигација како основна дејност на Друштвото.**

Имајќи го сето погоре наведено, вкупните планирани расходи за 2022 година табеларно се прикажани во Точка 10 - Табеларен преглед на планирани расходи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2022 година, а се групирани по видови на трошоци како што следи:

- **Вкупните трошоци за вработените во 2022 година се проектирани во износ од 759.776.868,00 денари, а истите во спореба со планираните трошоци на Друштвото за 2021 година се зголемени околу 35%, од кои:**

- Трошоците за бруто плати за вработените во 2022 година изнесуваат 754.776.868,00 денари и истите се планирани со намалување од 5% во однос на периодот пред започнување на Пандемијата од КОВИД-19 поради подобрувањето на воздушниот сообраќај во втората половина од 2021 година како и очекуваниот пораст на

сообраќајот и во 2022 година. Во однос на планираните трошоци за 2021 година се зголемени за 36%, а истото се должи на намалувањето на бруто платите за 30% во 2021 година во однос на периодот пред започнување на Пандемијата поради драстично намалениот воздушен сообраќај и директните финансиски импликации врз Друштвото како последица од Пандемијата со КОВИД-19. Воедно, во оваа ставка вклучени се и пресметките за бруто плати за трансформација на работниот однос на 11 контролори на летање вработени во 2019 година во М-НАВ од определен во неопределен работен однос и вработување на 8 нови контролори на летање – студенти (мај-декември) во Секторот на воздухопловна навигација, вработување на 6 инженери и 2 техничари (мај-декември) во Секторот за воздухопловна техника, 3 советника и 1 чувар (мај-декември) во Сектотрот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Исто така во 2022 година се вклучени и пресметките за бруто плати на 1 контролор, 4 советници, 1 обезбедувач, 1 возач, 1 архивар и 1 извршител за набавки и инвестиции кои се планирани за вработување во 2021 година и за кои е добиена веќе согласност од Министерството за финансии, а истите се очекува да се вработат до крајот на 2021 година. Воедно, оваа ставка ги вклучува и трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, и зголемување на рејтинг на контролорите на летање.

- Ставката Други трошоци за вработените изнесува 5.000.000,00 денари и се на исто ниво во споредба со планираните трошоци во 2021 година. Овие средства се наменети за исплата на останати надоместоци за вработените, т.е. трошоци за задолжителен лекарски преглед, превоз надвор од Скопје, отпремнини и други трошоци согласно Колективниот договор на М-НАВ.

- **Вкупните материјални трошоци за 2022 година се планирани во износ од 86.000.000,00 денари, а истите во спореба со планираните трошоци на друштвото за 2021 година се зголемени за околу 20 %, при што:**

- Најголемо зголемување на одделните ставки од вкупните материјални трошоци има кај планираните трошоци за потрошени резервни делови од 66% (истите планирани во износ од 20.000.000,00 денари), како и 33 % кај планираните трошоци за одржување (истите планирани во износ од 20.000.000,00 поединечно) во однос на планираните расходи на Друштвото за 2021 година, како минимум проценети трошоци за обезбедување на непрекинато и безбедно функционирање на системите при што со оглед на нивната старост мора до максимум да се елиминира секаква можност од нивен застој во функционирањето, како и да се обезбеди неопходноста од навремени и брзи интервенции, брзи набавки на резервни делови, па и замена на делови од системите доколку е потребно во текот на годината.
- Планираните трошоци за потрошена енергија се зголемени во споредба со планираните трошоци во 2021 година за 20% поради очекуваното поскапување на струјата во 2022 година.
- Останатите ставки од вкупните материјални трошоци како што се планираните трошоци за потрошени суровини и материјали, транспортни трошоци и трошоци за поштенски, телефонски услуги и интернет и друго, со оглед на нивниот релативно фиксен карактер, планирани се на исто ниво во однос на планираните трошоци во 2021 година.

- **Вкупните нематеријални трошоци во 2022 година се планирани во износ од 99.075.000,00 денари, а истите во спореба со вкупно планираните трошоци на Друштвото за 2021 година се зголемени за 47% при што:**

- Трошоците за закуп на канцелариски простор е наменет за изнајмување на дополнителен канцелариски простор за вработените во Секторот за ФРПРРИ, а истите се планирани на исто ниво во споредба со планираните во 2021 година.
- Трошоците за службени патувања и дневници за 2022 година во износ од 20.000.000,00 денари се зголемени за 33% во споредба со планираните трошоци во 2021 година поради планираните задолжителни обуки на контролорите на летање и останатиот воздухопловен персонал на М-НАВ во 2022 година кои што се одржуваат во школските

центри во странство, задолжителните обуки на контролорите на летање и инжињерите на М-НАВ согласно склучените договори за набавка на системи и опрема финансирани со средства од ЕБОР во земјите од каде што потекнуваат добавувачите, редовните состаноци во меѓународните организации и институции итн.

- Планираните трошоци за осигурување се во износ од 12.000.000,00 денари, од кои 11.000.000,00 денари за осигурување од дејност, 200.000,00 денари за осигурување на имот, 400.000,00 денари за каско осигурување, 300.000,00 денари за осигурување на персоналот на друштвото, патничко осигурување итн., и истите во споредба со 2021 година се минимално зголемени согласно согледаната реализација во последните две години.
- Планираните трошоци за ставката Членарини во организации и друго во 2022 година е планирана во износ од 1.625.000,00, од кои 1.600.000,00 денари отпаѓаат на трошоците за годишна членарина на М-НАВ во меѓународната организација CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво, додека 25.000,00 денари се планирани за членарини во домашни здруженија за сметководство, ревизија и заштита при работа и истите во споредба со планираните трошоци во 2021 година се на исто ниво.
- Најголем дел од вкупните нематеријални трошоци во 2022 година претставува ставката Останати нематеријални трошоци во вкупен износ од 59.500.000,00 денари како што следи:

| Останати нематеријални трошоци | 2022 | 2021 | %2021/2020 |
|---|---|---|---|
| Надомест надзорен одбор | 350.000,00 | 350.000,00 | 100,00 |
| Авторски хонорари | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 100,00 |
| Обука КЛ, семинари и советувања | 34.000.000,00 | 6.000.000,00 | 566,67 |
| Ревизија на финансиски извештај | 250.000,00 | 250.000,00 | 100,00 |
| Адвокатски услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 100,00 |
| Останати интелектуални услуги | 10.000.000,00 | 13.050.000,00 | 76,63 |
| Стручни списанија весници | 250.000,00 | 250.000,00 | 100,00 |
| Сертификација АЦВ | 10.700.000,00 | 10.700.000,00 | 100,00 |
| Други нематеријални трошоци | 1.500.000,00 | 1.000.000,00 | 150,00 |
| Донации во земјата | 500.000,00 | 1.000.000,00 | 50,00 |
| Одржување на софтвер | 200.000,00 | 200.000,00 | 100,00 |
| **Вкупно** | **59.500.000,00** | **35.000.000,00** | **127,00** |

Како што може да се види од табелата погоре, овие трошоци во споредба со планираните во 2021 година се зголемени за 27,00%, а најголемиот дел од оваа ставка – Останати нематеријални трошоци отпаѓа на трошоците на подставките:

- Подставката на трошоци за Обука на контролори на летање (КЛ), семинари и советувања е во вкупен износ од 34.000.000,00 денари за 2022 година од кои најголем дел се за потребите на Секторот за воздухопловна навигација за кој се предвидени пред се 12.300.000,00 денари за Обука за обнова на знаењата па Контролорите на летање (КЛ) со ASP/ACS овластувања, 16.000.000,00 денари за селекција, почетна обука и обука за TWR рејтинг за 8 КЛ, 2.000.000,00 денари за Обука за обнова на знаењата на КЛ за OJT/STDI, 500.000,00 денари за тестирање на англиски јазик за КЛ, 600.000,00 денари за Обука за OJT/STDI (за 2КЛ со ACS и 1КЛ со APS овластување), 300.000,00 денари за школување за OJT (Охрид), 200.000,00 денари за школување на два (2) оценувачи за КЛ и друго, понатаму 680.000,00 денари за потребните на Обука

CISM обука за национална програма за обезбедување, како и планирани трошоци за обуки на воздухопловниот персонал и останатите вработени во вкупен износ од 1.000.000,00 денари.

- Останати интелектуални услуги во вкупен износ од 10.000.000,00 денари од кои најголемиот дел се планирани трошоци за консултантски услуги по основ на склучен Договор за консултантски услуги за имплементација на проектите финансирани со заем од ЕБОР во износ од 3.900.000,00 денари, геодетско снимање на аеродромите Скопје и Охрид во износ од 1.500.000,00 денари, провизија за услуги за фактурирање и наплата на терминални услуги на контрола на летање од страна на Евроконтрол во износ од 1.000.000,00; 2.000.000,00 денари за исплата согласно Договорот за подршка на земјите-членки склучен со Евроконтрол (Support to States Agreement), 600.000,00 денари за safety audit и 1.000.000,00 денари вкупно други помали трошоци во рамките на ставката останати интелектуални услуги.
- Како поголема подставка спаѓаат и годишните трошоци за сертификација на М-НАВ А.Д. Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство во вкупен износ од 10.700,000,00 денари.
- Подставката Други нематеријални трошоци во износ од 1.500.000,00 денари опфаќа наемнини за недвижности (Закуп за антена на Црн Врв), трошоци за чување архивски материјали, трошоци за фотокопирање, потврда за неосудуваност за вработените и друго.
- Трошоците за Донации во земјата се предвидени на износ од 500.000,00 денари за Воздухопловната Федерација на Република Северна Македонија.

- **Останатите трошоци од работењето се проектирани на 6.000.000,00 денари во 2022 година.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците за резервации за надомест на вработени и резервации за договори, трошоци за вредносни усогласувања на краткорочни побарувања, отпис на побарувања од CRCO и друго, а во споредба со планираните трошоци во 2021 година се на исто ниво поради очекуваните трошоци за вредносни усогласувања на краткорочните побарувања и отпис на побарувањата од CRCO како последица на Пандемијата од КОВИД-19 и нејзиното негативно влијание врз финансиското работење на авиокомпаниите.
- **Амортизацијата е планирана во износ 45.000.000,00 денари согласно номенклатурата за пресметка на амортизација и сметководствената политика на Друштвото, и истата е намалена за околу 23% во однос на планираната амортизација во 2021 година поради отпис на дел од средствата, т.е. завршување на амортизациониот период на дел од средствата на М-НАВ во 2021 година.**
- **Вкупните финансиски трошоци планирани за 2022 година се планирани во износ од 15.000.000,00 денари,** од кои поголемиот дел во износ од 12.000.000,00 денари отпаѓа на планираната исплата на камати за неповлечени и повлечени средства по Договорот за заем склучен со ЕБОР на 24 септември 2013 година, додека планираните трошоци за банкарски услуги се планирани во износ од 3.000.000,00 денари. Овие трошоци се на исто ниво во споредба со планираните трошоци за 2021 година поради намалената динамика на реализација на планираните инвестиции финансирани со заемот од ЕБОР во 2021 година која се должи на последиците од Пандемијата од Covid 19 и повикувањето на клаузулата на Виша сила на дел од склучените договори за реализација на проектите.

Табеларниот приказ на планираните расходи на Друштвото за 2022 година во споредба со планираните расходи на Друштвото за 2021 година е дадено во Точка 10 – Споредбена анализа на планираните расходи на М-НАВ АД Скопје за 2022 година со планираните расходи на друштвото за 2021 година.

## 6. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2022 ГОДИНА

"М-НАВ" А.Д. Скопје го изработи Финансиски план за 2021 година во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18, "Службен весник на Република Северна Македонија" број 290/20 и 215/21 и усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување. Проекциите на вкупните расходи во износ од **1.010.851.868,00** денари (Точка 6) се направени врз основа на анализите за работењето на М-НАВ А.Д. во изминатите две години, како и врз основа на минимум потребните средства на Друштвото за одржување на квалитетот на своите услуги во 2022 година, а во согласност со принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Согласно регулативите на ICAO и Eurocontrol, давателот на услуги на воздухопловна навигација во Република Северна Македонија, М-НАВ. А.Д. Скопје работи на принципот на целосен поврат на трошоците (*full cost recovery*) од работењето што ги одобрува Eurocontrol секоја година. Тоа значи дека според "Принципите" на Eurocontrol (Док.бр.20.60.01.од Јануари 2020 г.), остварената добивка во претходната деловна година се враќа на авиокомпаниите преку соодветното намалување на цената на услугите.

Проекциите на вкупните приходи во износ од **1.020.277.226,98** денари се базираат согласно планираниот обем на воздушен сообраќај за 2022 година (Точка 5).

**Со реализацијата на сите плански претпоставки, "М-НАВ" А.Д. Скопје во 2022 година очекува вкупните планирани приходи да ги надминат вкупните планирани расходи при што ќе оствари добивка од 9.425.358,98 денари.**

## 7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **ПРЕЛЕТИ** | 110.719.848,45 | 243.682.153,27 | 356.326.943,99 | 176.446.137,69 | **887.175.083,40** |
| | | | | | |
| **ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ** | 20.669.306,22 | 28.841.879,84 | 42.002.427,20 | 29.588.530,31 | **121.102.143,58** |
| | | | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3,000,000.00 | **12.000.000,00** |
| | | | | | |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **134.389.154,67** | **275.524.033,11** | **401.329.371,19** | **209.034.668,00** | **1.020.277.226,98** |



## 8. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

| РАСХОДИ | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **190.209.431,70** | **193.598.480,50** | **186.984.477,90** | **188.984.477,90** | **759.776.868,00** |
| Бруто плати | 189.459.431,70 | 192.848.480,50 | 186.234.477,90 | 186.234.477,90 | 754.776.868,00 |
| Други трошоци за вработените | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 2.750.000,00 | 5.000.000,00 |
| | | | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **19.658.000,00** | **20.780.000,00** | **21.481.000,00** | **24.081.000,00** | **86.000.000,00** |
| Потрошени суровини и материјали | 850.000,00 | 1.050.000,00 | 1.050.000,00 | 1.050.000,00 | 4.000.000,00 |
| Потрошени резервни делови | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | 5.500.000,00 | 6.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| Потрошена енергија | 3.900.000,00 | 4.200.000,00 | 3.900.000,00 | 6.000.000,00 | 18.000.000,00 |
| Транспортни услуги | 1.220.000,00 | 1.260.000,00 | 1.260.000,00 | 1.260.000,00 | 5.000.000,00 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.220.000,00 | 4.260.000,00 | 4.260.000,00 | 4.260.000,00 | 17.000.000,00 |
| Трошоци за одржување | 4.970.000,00 | 5.010.000,00 | 5.010.000,00 | 5.010.000,00 | 20.000.000,00 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 498.000,00 | 500.000,00 | 501.000,00 | 501.000,00 | 2.000.000,00 |
| | | | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **20.603.200,00** | **40.003.200,00** | **18.606.200,00** | **19.862.400,00** | **99.075.000,00** |
| Закуп на канцелариски простор | - | - | 750.000,00 | 750.000,00 | 1.500.000,00 |
| Останати услуги | 249.000,00 | 249.000,00 | 249.000,00 | 253.000,00 | 1.000.000,00 |
| Дневници за службен пат и патни трошоци | 3.600.000,00 | 6.400.000,00 | 4.250.000,00 | 5.750.000,00 | 20.000.000,00 |
| Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 3.000.000,00 |
| Премии за осигурување | 2.698.000,00 | 8.898.000,00 | 201.000,00 | 203.000,00 | 12.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Членарини во организации и друго | 406.200,00 | 406.200,00 | 406.200,00 | 406.400,00 | 1.625.000,00 |
| Останати нематеријални трошоци | 12.900.000,00 | 23.300.000,00 | 12.000.000,00 | 11.750.000,00 | 59.950.000,00 |
| | | | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** |
| | | | | | |
| **Амортизација** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **45.000.000,00** |
| | | | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **3.600.000,00** | **3.600.000,00** | **3.750.000,00** | **4.050.000,00** | **15.000.000,00** |
| Банкарски услуги - провизија | 600.000,00 | 600.000,00 | 750.000,00 | 1.050.000,00 | 3.000.000,00 |
| Камати по банкарски кредити | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 12.000.000,00 |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **245.320.631,70** | **269.231.680,50** | **242.071.677,90** | **254.227.877,90** | **1.010.851.868,00** |



## 9. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА

| ОПИС НА РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ 2021/2020 (%) |
|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **759.776.868,00** | **559.862.000,00** | **135,71** |
| Бруто плати | 754.776.868,00 | 554.862.000,00 | 136,03 |
| Други трошоци за вработените | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 100,00 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **86.000.000,00** | **71.200.000,00** | **120,79** |
| Потрошени суровини и материјали | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 100,00 |
| Потрошени резервни делови | 20.000.000,00 | 12.000.000,00 | 166,67 |
| Потрошена енергија | 18.000.000,00 | 16.000.000,00 | 112,50 |
| Транспортни услуги | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 100,00 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 17.000.000,00 | 17.000.000,00 | 100,00 |
| Трошоци за одржување | 20.000.000,00 | 15.200.000,00 | 131,58 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 100,00 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **99.075.000,00** | **67.125.000,00** | **147,60** |
| Закуп на канцелариски простор | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 100,00 |
| Останати услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 100,00 |
| Дневници за службен пат и патни трошоци | 20.000.000,00 | 15.000.000,00 | 133,33 |
| Трошоци за репрезентација | 3.000.000,00 | 2.000.000,00 | 150,00 |
| Премии за осигурување | 12.000.000,00 | 11.000.000,00 | 109,09 |
| Членарини во организации и друго | 1.625.000,00 | 1.625.000,00 | 100,00 |
| Останати нематеријални трошоци | 59.950.000,00 | 35.000.000,00 | 171,29 |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** | **100,00** |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Амортизација** | **45.000.000,00** | **58.500.000,00** | **76,92** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **15.000.000,00** | **15.000.000,00** | **100,00** |
| Банкарски услуги - провизија | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 100,00 |
| Камати по банкарски кредити | 12.000.000,00 | 12.000.000,00 | 100,00 |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **1.010.851.868,00** | **777.687.000,00** | **129,98** |




**Забелешка:** Отстапувањаа на планираните трошоци за 2022 година во споредба со планираните трошоци за 2021 година се објаснети погоре во текстот под точка **6 – Анализа на планирани расходи на друштвото за 2022 година.**

## 10. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА

| ОПИС НА РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА | РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА | ПЛАНИРАНИ 2022/ РЕАЛИЗИРАНИ 2021 (%) |
|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **759.776.868,00** | **577.754.700,00** | **131,51** |
| Бруто плати | 754.776.868,00 | 573.113.301,00 | 131,70 |
| Други трошоци за вработените | 5.000.000,00 | 4.641.399,00 | 107,73 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **86.000.000,00** | **44.447.694,81** | **193,49** |
| Потрошени суровини и материјали | 4.000.000,00 | 1.342.925,00 | 297,86 |
| Потрошени резервни делови | 20.000.000,00 | 3.113.564,00 | 642,35 |
| Потрошена енергија | 18.000.000,00 | 9.684.835,24 | 185,86 |
| Транспортни услуги | 5.000.000,00 | 1.966.937,45 | 254,20 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 17.000.000,00 | 16.678.813,93 | 101,93 |
| Трошоци за одржување | 20.000.000,00 | 9.434.628,82 | 211,99 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.000.000,00 | 2.225.990,37 | 89,85 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **99.075.000,00** | **44.602.833,88** | **222,13** |
| Закуп на канцелариски простор | 1.500.000,00 | 750.000,00 | 200,00 |
| Останати услуги | 1.000.000,00 | 471.481,00 | 212,10 |
| Дневници за службен пат и патни трошоци | 20.000.000,00 | 6.593.875,07 | 303,31 |
| Трошоци за репрезентација | 3.000.000,00 | 1.286.138,27 | 233,26 |
| Премии за осигурување | 12.000.000,00 | 11.535.035,00 | 104,03 |
| Членарини во организации и друго | 1.625.000,00 | 2.133.388,61 | 76,17 |
| Останати нематеријални трошоци | 59.950.000,00 | 21.832.915,93 | 274,59 |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **6.000.000,00** | **6.099.698,50** | **98,37** |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Амортизација** | **45.000.000,00** | **58.500.000,00** | **76,92** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **15.000.000,00** | **11.259.424,77** | **133,22** |
| Банкарски услуги - провизија | 3.000.000,00 | 1.285.407,61 | 233,39 |
| Камати по банкарски кредити | 12.000.000,00 | 9.974.017,16 | 120,31 |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **1.010.851.868,00** | **742.664.351,96** | **136,11** |




Согласно Споредбената анализа на планирани расходи на друштвото за 2022 година (1.010.851.868,00 денари) во споредба со очекуваните реализирани расходи на Друштвото за 2021 година (742.664.351,96 денари), се прикажува вкупно зголемување од 36% во однос на реализацијата од 2021 година.

Напоменуваме пред се дека при искажувањето на реализираните расходи за 2021 година, од причина што кога се изготвуваше Финансискиот план за 2022 г. тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелните податоци заклучно со 30.09.2021 година. За преостанатиот период од 2021 година земени се планираните расходи од Финансискиот план на Друштвото за 2021 година, освен за подставката трошоци за бруто плати каде што со Одлука на Управен одбор е предвидено намалување од 15% на бруто платите на вработените за поседното тримесечје од годината наместо 30% првично планирано, како резултат на подобрувањето на воздушниот сообраќај во втората половина на 2021 година и очекуваното натамошно стабилизирање на приходите на Друштвото.

Како резултат на горенаведеното, ова отстапување не е целосно реално, т.е. прецизното отстапување ќе се согледа на крајот од годината кога целосно ќе се прокнижат трошоците за 2021 година и целосно ќе се согледаат прелевањата на планираните расходи на квартално ниво.

Имено, согласно Споредбената табеларна анализа погоре, прикажаното отстапување на одделните ставки на расходи е како што следи:

- Планираните трошоци за бруто плати на вработените во М-НАВ за 2022 година во однос на реализираните трошоци за 2021 година согласно горенаведената табела се зголемени за околу 31% бидејќи во 2021 година бруто платите беа планирани со намалување од 30% во однос на периодот пред Пандемијата со КОВИД-19 поради драстично намалениот воздушен сообраќај и директните финансиски импликации врз Друштвото како последица од Пандемијата со КОВИД-19. Како што кажавме и погоре во Точка 6 - Анализа на планираните расходи за 2022 година, воедно во оваа ставка вклучени се и пресметките за бруто плати за трансформација на работниот однос на 11 контролори на летање вработени во 2019 година во М-НАВ од определен во неопределен работен однос и вработување на 8 нови контролори на летање – студенти (мај-декември) во Секторот на воздухопловна навигација, вработување на 6 инжењери и 2 техничари (мај-декември) во Секторот за воздухопловна техника, 3 советника и 1 чувар (мај-декември) во Сектотрот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Исто така во 2022 година се вклучени и пресметките за бруто плати на 1 контролор, 4 советници, 1 обезбедувач, 1 возач, 1 архивар и 1 извршител за набавки и инвестиции кои се планирани за вработување во 2021 година и за кои е добиена веќе согласност од Министерството за финансии, а истите се очекува да се вработат до крајот на 2021 година. Воедно, оваа ставка ги вклучува и трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, и зголемување на рејтинг на контролорите на летање.

- Кај планираните трошоци за потрошени суровини и материјали за 2022 година споредбено со реализираните трошоци за 2021 година во табелата се прикажува драстично зголемување од причина што кај подставките канцелариски материјали, средства за хигиена и средства за вода се со требување од магацин, а податоците се превземаат од магацин на крајот од годината и по превземањето кај оваа ставка нема да има толкав процент на одстапување на крајот од годината по целосното прокнижување на трошоците.

- Планираните трошоци за потрошена енергија за 2022 година во споредба со прикажаната реализација во табелата за 2021 година драстично отстапува поради нецелосно прокнижување на фактурите и поради очекуваното поскапување на цената на електрична енергија во 2022 година. Имено, фактурите за електрична енергија од Министерството за одбрана пристигнуваат со задоцнување, такашто досега се платени сите фактури заклучно со јуни 2021 година, а останатите се очекува да пристигнат и платат до крајот на годината.

- Кај ставките пред се за Транспортни услуги и Останати услуги каде што се прикажува намалена реализација во 2021 година, а делумно и кај сите други расходни ставки, отстапувањето на реализираното во однос на планираното се должи пред се на реалното намалено користење на услуги на транспорт, шпедиција и логистика, превоз на вработени, намалена реализација на јавните набавки и капиталните инвестиции како резултат на влијанието на Пандемијата од КОВИД-19 врз финансиското работење на М-НАВ како и превземените антикризни економски мерки од страна на Управниот одбор по почетокот на пандемијата. Сепак и за овие ставки на трошоци прецизната реализација ќе се согледа на крајот од годината по целосното прокнижување на трошоците за 2021 година.

- Планираните трошоци за службени патувања и дневници за 2022 како и Планираните останати нематеријални трошоци за 2022 година се драстично зголемени во споредба со очекуваната реализација на трошоци во 2021 година поради планираните задолжителни обуки на контролорите на летање и воздухопловниот персонал во 2021 година, планираните обуки на контролорите на летање и инжињерите согласно склучените договори за набавка на системи и опрема финансирани со средства од ЕБОР и воедно, по целосната блокада на меѓународните активности во 2020 и 2021 година, очекуваното стивнување на пандемијата од Covid 19 и постепена нормализација на активностите на Друштвото во 2022 година. Овие ставки се детално објаснети во Точка 6 – Анализа на планирани расходи за 2022 година.